# З А П И С Н И К

Од дваесет и третата седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 31.07.2023 година, (понеделник) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни: 13** советници.
**Отсатни: 2**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин Рушити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред.

## Дневен ред

1.Разгледување и усвојување на записникот од дваесет и втората и итната седница на Советот на општина Брвеница.
2.Разгледување и усвојување на Годишен Извештај за работа за 2022/2023 година на ЈОУДГ ,,СОНЦЕ-ДИЕЛИ,, Брвеница.
3.Предлог-Одлука за зголемување на бројот на деца по групи за учебната година 2023-2024 година во ЈОУДГ ,,СОНЦЕ-ДИЕЛИ,, Брвеница.
4.Давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици за ОУ ,,Гоце Делчев,, с.Стенче.
5.Давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици за ОУ ,,Коста Рацин,, с.Брвеница.
6.Давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици за ОУ ,,7 Марси,,с.Челопек.
7.Разгледување и усвојување на кварталeн Извештај за извршување на Буџетот на општина Брвеница за период од 01.01.2023 до 30.06.2023 г.
8.Барање од Ибраим Мемиши и Изет Имери од с.Челопек.

Претседателот на Советот ги прочита точките и праша дали има за измени и дополнување на дневниот ред кажа.

За збор се јави претставникот од образование Џељал Амеди и кажа, јас барам доколку може да се измени дневниот ред односно точките 4, 5 и 6 да одат одма после првата точка.

Претседателот на Советот предлогот на Џељал Амеди го стави на гласање и истиот беше едногласно прифатен од присутните 13 советници и кажа, точката под број 4 станува број 2, точката 5 станува 3 и точката 6 станува 4, додека точките 2 и 3 стануваат 5 и 6.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот дневниот ред заедно со измените на редоследот на точките, го стави на гласање и истиот едногласно се усвои од присутните 13 советници.

I

По однос на првата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на записникот од дваесет и втората и итната седница на Советот на општина Брвеница„ Претседателот на Советот ја прочита истата и праша дали има забелешки на записникот.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката „Усвојување на записникот од дваесет и втората и итната седница на Советот на општина Брвеница„ го стави на гласање и истиот беше едногласно прифатени од присутните 13 советници.

II

По однос втората точка на дневен ред, „Давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици за ОУ „Гоце Делчев„ с.Стенче„ Претседателот на Советот збор му даде на Претседателот на Комисијата за општествени дејности.

Претседателот на Комисијата за општествени дејности кажа, по однос оваа точка да кажам дека беше прифатена од страна на комисијата, предлагаме и вие да ја прифатите. За сите три училишта Комисијата за општествени дејности одлучи да не се укинуваат паралелките.

Претседателот на Советот пред да отвори расправа збор му даде на претставникот од образование да објасни по однос точката.

Претставникот од образованието кажа, има вишок паралелки но има и наставници но не се тие виновни, вработувањата секогаш биле преку градоначалниците. И јас сум за тоа да останат паралелките во истиот број но освен Коста Рацин сите други училишта се со помал број на ученици. Немам јас право да предлагам но каде има пензионирања не треба да се примаат нови вработени. Блок дотациите се толку, само за плата, а другите пари ќе бидат од општината, 58% од целата блок дотација оди за плати на вработените. Само да имате предвид средствата што ќе се трошат се од Буџетот на општина Брвеница, а што се однесува до паралелките по Комисијата за општествени дејности остануваат исти.

Претседателот на Советот овори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката „Согласност за формирање паралелки со помал број ученици за ОУ „Гоце Делчев„ с.Стенче „ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатен од присутните 13 советници.

III

По однос третата точка на дневен ред, „Давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици за ОУ „Коста Рацин„ с.Брвеница„ , Претседателот на Советот збор му даде на Претседателот на Комисијата за општествени дејности.

Претседателот на Комисијата за општествени дејности кажа, исто како и претходната и оваа точка ние ја прифативме и одлучивме да не се укинуваат паралелките.

Претседателот на Советот кажа, бидејќи во претходната точка беше објаснето за сите три точки, отварам расправа доколку некој има нешто да каже или праша.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Согласност за формирање паралелки со помал број ученици за ОУ „Коста Рацин„ с.Брвеница„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 13 советници.

IV

По однос четвртата точка од дневниот ред „Давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици за ОУ „7 Марси„с.Челопек„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за општествени дејности.

Претседателот на Комисијата за општествени дејности кажа, комисијата и оваа точка ја разгледа и едногласно ја прифати, предлагаме и вие да ја прифатите.

Претседателот на Советот пред да отвори расправа кажа, и за оваа точка беше објаснето, Комисијата за општествени дејности одлучи паралелките да останат исти, како што кажавме претходно.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Согласност за формирање паралелки со помал број ученици за ОУ „7 Марси„с.Челопек„ , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутни 13 советници.

**V**

По однос на петтата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на Годишен Извештај за работа за 2022/2023 година на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на претставникот од ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„

Претставникот од ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница кажа, денеска требаше директорката да елаборира, но бидејќи таа е на одмор јас ќе ви образлагам по однос Годишениот Извештај за работа за 2022/2023 година. Овој извештај е подготвен од страна на трите директорки кои сме ги имале. Во овој период 2022/2023 година ние вработените во градинката „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ сме биле многу активни и во овој период сме примиле многу донации. Од фирма од Скопје сме примиле три телевизори и имавме потреба од таква донација за децата. Понатака претставникот од ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ продолжи да елаборира по Годишниот Извештај.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Годишен Извештај за работа за 2022/2023 година на ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ - Брвеница„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 13 советници.

**VI**

По однос на шесттата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за зголемување на бројот на деца по групи за учебната година 2023-2024 година во ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на претставникот од ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„

Претставникот од ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница кажа, како и минатата година така и оваа бараме согласност за да се зголеми бројот на деца во градинката. На листата на чекање имаме 4 групи со вкупно 42 деца додека проектираниот капацитет на деца во градинката е 65. Бараме од Советот согласност да запишеме уште деца.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Злате Китаноски се јави за збор и праша, колкав е капацитетот на градинката, дали е 65 деца или од 65-80 може а согласност треба да даде Советот.

Претставникот од ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ кажа, проектираниот капацитет е за 65 деца но има услови да се згрижат повеќе деца.

Дончо Симјаноски се јави за збор и праша, дали вработените можат да опслужат повеќе деца.

Абеб Нухии се јави за збор и кажа, максималниот број беше 80 деца, сега да даде мислење МТСП, не можеме да даваме согласност бланко да не испадне после дека примате уште повеќе деца.

Претставникот од ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ кажа, плус 15 деца можат да се примат повеќе од проектираниот капацитет.

Светлана Стаматовска кажа, може да дадеме согласност за исполнување на максималниот кпацитет.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за зголемување на бројот на деца по групи за учебната година 2023-2024 година во ЈОУДГ „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница „ , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 13 советници.

**VII**

По однос на седмата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на квартален Извештај за извршување на Буџетот на општина Брвеница за период од 01.01.2023 до 30.06.2023 г„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Пртетседателот на Комисијата за финансии.

Претседателот на Комисијата за финансии кажа, од нас оваа точка беше прифатена бидејќи се работеше за извештај.

Претседателот на Советот збор му даде на соодветниот по финансии Ибрахим Ајдари.

Соодветниот по финансии Ибрахим Ајдари кажа, оваа година со реализацијата на Буџетот стоиме добро и понатака соодветниот ги прикажа и појасни позициите видно од Кварталниот Извештај и по однос на истото праша дали има нешто нејасно и доколку има ќе објасни.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Абеб Нухии и праша, за нафтата дужиме скоро милион денари и зошто, второ донесовме финансиска рамка за купување на бекатонки и не интересира колку и каде се потрошени и правилно дали се распределени низ општината. И ова прашање за бекатонките нека биде одговорено наредната седница.

Соодветниот по финансии одговори, во врска со долгот ние наследивме поголем долг а бидејќи се работи училиштата ги снабдуваме со нафта. Додека во врска со бекатонките, за нив имаме потрошено околу 3 милиони денари.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот ја стави точката „Годишен Извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев„ с.Стенче за учебната 2022/2023 година„ на гласање заедно со предлогот на Абеб Нухии да се одговори на неговото прашање до следната седната седница и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 13 советници.

**VIII**

По однос на осмата точка од дневниот ред „Барање од Ибраим Мемиши и Изет Имери од с.Челопек„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа, Одборот од Џамијата побара помош од општината за изградба на паркинг во Горна Џамија во рамките на можностите на општината.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Дончо Симјаноски и кажа, јас мислам дека позитивно треба да одговориме, сме имале и други вакви барања да се помогне во рамките на можностите на општината, се работи за верски објект а ние на сите верски објекти сме излагале во пресрет.

Претседателот на Советот збор му даде на директорот на ОУ „Гоце Делчев„ с.Стенче.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Усвојување на изведени екскурзии во ООУ „Гоце Делчев„ с.Стенче за учебната 2022/2023 година„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 13 советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши дваесет и втората седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
Наташа Стојческа

**Претседател на Совет**
**Бујамин Рушити**

**Бр.08-1420/2**
**31.07.2023 год.**
**Брвеница**